АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА ОБЈАВЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ КОИ ОПШТИНИТЕ И ЦЕНТРИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ СЕ ОБВРЗАНИ ДА ГИ ОБЈАВУВААТ НА СВОИТЕ ВЕБ-СТРАНИЦИ



# СОДРЖИНА:

ВОВЕД: 3
ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ? 3
ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ: 5
ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ: 5
ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ: 5
РЕФЕРЕНТНА РАМКА: 5
РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ: 6
ОПШТИНИ: 8
ЗЕЛС И ЦЕНТРИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИ РЕГИОНИ: 20
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ: 26
ПРИЛОГ: 28
АНЕКС 1: Табела со резултатите од мониторингот на Општините и Центрите за развој на планските региони за 2024 година 28
АНЕКС 2: Споредбена анализа на резултатите од мониторингот на Општините и планските региони - 2023 и 2024 година 30
АНЕКС 4: Прашалник за службените лица за посредување со информациите од јавен карактер во однос на активната транспарентност на Општините и Град Скопје 33
АНЕКС 5: Прашалник за службените лица за посредување со информациите од јавен карактер во однос на активната транспарентност на ЗЕЛС и Центрите за развој на планските региони 36

**Автори: Оливер Серафимовски**
**Мелани Ибраими**
**Графичка обработка: Деан Јадровски**

## ВОВЕД:

Информациите од јавно значење им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации од одредени јавни институции. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни, транспарентни и лесно достапни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките, креирањето на политики и други дејствија што се од нивен интерес и истите ги засегаат.

Сите обврски на институциите да ја направат својата работа транспарентна важат и за органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и Центрите за развој на плански региони, како иматели на информации од јавен карактер. Општините, како и Центрите за развој на планските региони, со своите надлежности, работат во интерес на граѓаните за да обезбедат услови за нивен развој преку транспарентно работење. Од таа причина, важно е граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста, а Единиците за локална самоуправа и планските региони за развој се должни на граѓаните да им овозможат пристап до тие информации.

Општата цел на овој мониторинг е да се види нивото на проактивната транспарентност на Општините и Центрите за развој на планските региони, а во овој извештај ги презентираме наодите од мониторингот кој го испитуваше степенот на објавените информации кои се релевантни за граѓаните, за годишните извештаи за нивната работа, дали на барателите на информации им даваат точни, прецизни и целосни податоци, дали кај имателите има определено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, како и бројни други прашања врз основа на кои се оценува примената на стандардите за проактивна транспарентност, согласно членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

Кога имателите на информации од јавен карактер се отворени кон јавноста, граѓаните непречено дознаваат што и како работат органите на државната власт и другите установи и институции. Со тоа им се овозможува

рамноправно да учествуваат во јавниот живот и континуирано да го контролираат работењето на властите.
Проактивното објавување на информации од јавен карактер претставува законска обврска на сите иматели, самоиницијативно и континуирано на своите веб локации да ги објавуваат информациите за својата работа и делување, за носење одлуки, финансиите и за услугите кои ги даваат на граѓаните.
Целта за исполнување на обврската за проактивно објавување на информации се огледа во можноста граѓаните/барателите на информации да го остварат уставно загарантираното право на пристап до информации, преку давање на услугите на имателите на информации на едноставен и брз начин. Воедно, имателите на информации го добиваат потребниот легитимитет, бидејќи демонстрираат одговорност во своето работење, а со тоа ја враќаат довербата на граѓаните во институциите.
Со проактивното објавување на информациите од јавен карактер на имателите јасно им се утврдува законската обврска не само да одговараат на поднесените барања по однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку и да објавуваат информации од јавен карактер на своите веб локации, како и оние кои не се побарани. Проактивното објавување на информации од јавен карактер е составен дел на правото на пристап до информации, со што се обезбедува клучните информации да се достапни навремено. Како што наведува Европскиот суд за човекови права, кој го признава како темелно човеково право, „информациите се менливи и секое нивно оддложено објавување, дури и за краток временски период, може да им ја намали нивната севкупна вредност и интересот за нив".
Проактивно објавените информации на имателите треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни за граѓаните и истите редовно да се ажурираат. Информацијата е предуслов за одговорна власт и основа за демократските процеси-информациите за работата на имателите им овозможуваат на граѓаните адекватно да донесуваат заклучоци и да партиципираат во носењето на одлуки за прашања кои се од нивен интерес. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата.
Голема предност на проактивното објавување на информации од јавен карактер, особено кога тоа се прави веднаш, е тоа што на имателите на информации им се отежнува можноста да го одрекуваат постоењето на информациите или да вршат манипулација со нив. Тоа значи дека на сите граѓани/баратели на информации од јавен карактер им се заштедува време, пари и труд. Со начелото на еднаквост се овозможува остварување на ова

право, исполнување на обврските, како и учество во политичките, општествените и економските процеси, а се со цел јакнење на довербата во институциите. Ниското ниво на проактивно објавување на информации ја оневозможува јавноста да ја следи, контролира и да учествува во работата на имателите на информации.

## ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ:

Мониторингот е фокусиран на проверка на категориите на информации што треба редовно и ажурирано да се објавуваат на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер согласно одредбите на член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

## ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ:

Целта на мониторингот е да се детектираат состојбите во спроведувањето на обврската на имателите на информации од јавен карактер за проактивно објавување на 22-те категории на информации на нивните веб-страници. Тоа помага во реализирањето на надлежноста на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за спроведување на одредбите на ЗСПИЈК и зголемување на капацитетите на имателите на информации од јавен карактер во однос на нивна поголема транспарентност и отвореност. Исто така, мониторингот ќе придонесе за подобра идентификација на потребите за обука на службените лица кај имателите на информации.

## ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ:

Фреквенцијата на мониторингот може да биде еднаш годишно, на годишна основа или во подолг период. Со цел да се обезбеди споредливост на резултатите и да се користат за идентификација на проблеми, потреби за обука и развој на стратегија, вреди мониторингот да се спроведува доволно често.

## РЕФЕРЕНТНА РАМКА:

Референтна рамка за мониторинг треба да биде прашалникот изработен посебно за таа цел врз основа на категориите наведени во член 10 од ЗСПИЈК. Прашалникот разликува релевантни прашања за општините, односно Единиците на локалната самоуправа и Центрите за развој на планските региони. Прашалникот за Општините содржи 40 прашања и подпрашања, а за Центрите прашалникот содржи 32 прашања и

подпрашања. Во својата основа сите прашања до имателите на информации произлегуваат од членот 10 од ЗСПИЈК и преку наведените прашања имателите вршат самоевалуација на своите веб страници и нивната проактивност, односно дали и во колкава мера ги објавуваат потребните информации кои се од интерес на граѓаните.

## РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ:

Агенцијата, согласно своите надлежности, но и како додадена вредност на слободниот пристап до информации од јавен карактер во однос на проактивното објавување на информациите согласно член 10 од Законот за СПИЈК спроведе мониторинг на 90 иматели, односно на веб страниците на имателите од Единиците на локалната самоуправа, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РСМ и Центрите за развој на плански региони објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Мониторингот беше спроведен во периодот од 2 септември до 15 октомври 2024 година. Одделението за соработка и анализи беше задолжено за мониторинг на веб страните за целосно објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават според членот 10 од Законот.

Треба да напоменеме дека со Мониторингот не се прави анализа на содржините, односно на квалитетот на објавените информации.

Мониторингот беше спроведен согласно член 10, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019).

Сите 90 субјекти мониторирани во наведениот период, регистрирани во Листата како иматели, имаат свои веб страници на кои ги објавуваат информациите кои се од нивна надлежност и на тој начин ги информираат граѓаните/барателите на информации. Преку мониторингот се добива целосна слика за проактивната транспарентност на оваа категорија на иматели.

Сакаме да напоменеме дека Агенцијата, мониторингот на веб страните на имателите, а во овој случај на Општините и Центрите за развој на планските региони го спроведува согласно методологијата имплементирана во соработка со надворешни експерти, ангажирани од ИПА II Проектот „Транспарентност и отчетност на јавната администрациија“, чиј корисник беше Агенцијата. За потребите на мониторингот, се изготвени два прашалника (едниот наменет за Општините, а вториот за ЗЕЛС и ЦРПР) кои содржат вкупно 40 прашања, односно 32, кои произлегуваат од членот 10 од Законот. Некои од нив содржат едно или повеќе подпрашања, а максималниот број на можни бодови изнесува 64 бода за Општините и 54 за ЗЕЛС и ЦРПР. Имателите за

објавените податоци добиваа 0, 0.5 и 1 бод, зависно од бројот и ажурираноста на објавените документи. Прашалниците беа дистрибуирани до имателите, од кои беше побарано сами да извршат евалуација на сопствената транспарентност и повратно прашалниците да ги достават до Агенцијата. Исто така, имателите добиваат бодови и за доставен прашалник, се со цел да ги поттикнеме мониторираните иматели сами да си ги оценат веб страниците и информациите кои ги објавуваат на нив.

Во рокот предвиден за доставување на одговорите до Агенцијата, имателите доставија 38 одговорени прашалници, од страна на Општините, а 5 прашалници доставија планските региони. Треба да напомениме, дека оваа година доставените прашалници беа во целост пополнети од страна на имателите, со линкови од нивните веб страни. Останува забелешката дека сите иматели не одговорија на самоевалуационите прашалници, односно 46.91 % од Општините доставија пополнети прашалници, а само три центри за развој на планските региони и ЗЕЛС не одговорија и не доставија одговори на поднесените прашалници.

Веб страниците на мониторираните иматели од Општините не се унифицирани, односно тие се различни како по изглед така и по своите содржини и информациите кои се објавуваат. За разлика од веб страниците на општините, Центрите за развој на планските региони имаат исти веб страни и информациите кај дел од овие иматели се унифицирани. Истите се ажурираат согласно нивните активности и ја имаат својата функција како прв информатор за граѓаните и услугите кои ги даваат.

Мониторингот, оваа година покажа дека најголем број на иматели кај Општините на своите веб страници, на почетната страна имаат поместено банер или линк ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, што овозможува лесен пристап до информациите од јавен карактер, односно Листата на информации. На тој начин со најмногу три клика, барателот на информацијата ќе може да пристапи до информацијата која е од негов интерес. Сепак оваа пракса не ја практикуваат планските региони и истите во иднина ќе треба да ја подобрат основната активна транспарентност, односно на брз начин да се пристапува до информациите со кои располагаат. Најчесто информациите од јавен карактер, линкот до нив, имателите ги поместуваат во делот Односи со јавноста, Контакт и слични секции на веб страните. Исто така, сакаме да потенцираме дека несистематизираните информации создаваат забуна кај граѓаните, односно до информациите потешко се пристапува. Тоа значи дека веб страните треба да бидат лесно пристапни, а со тоа и информациите кои им се потребни на барателите и се согласно законската обврска за транспарентност на имателите на информации од јавен карактер. Оттука, апелираме до имателите на информации нивните информации да бидат

лесно достапни за користење на граѓаните. „Информирани граѓани, задоволни граѓани“, тоа е максимата за транспарентни единици на локалната самоуправа.

Во зависност од вкупниот број на бодови кои мониторираните иматели кај општините ги добиле по однос на објавените потребни документи и информации согласно членот 10 од Законот, направена е градација на степенот на исполнителност на законската обврска за нивната активна транспарентност, и тоа на следниот начин: иматели со многу ниско ниво на транспарентност кои имаат помеѓу 0 и 16 бодови, со ниско ниво помеѓу 16 и 32 бодови, иматели со средно ниво помеѓу 32 и 48 бодови, и со високо ниво на транспарентност од 49 до 64 бода. Додека кај ЗЕЛС И ЦРПР, градацијата за активната транспарентност е направена на следниот начин: иматели со многу ниско ниво на транспарентност кои имаат помеѓу 0 и 13.5 бодови, со ниско ниво помеѓу 13.5 и 27 бодови, иматели со средно ниво помеѓу 27 и 40.5 бодови, и со високо ниво на транспарентност од 40.5 до 54 бода.

Извештајот од резултатите на мониторираните иматели се поделени на: Општини и ЗЕЛС и Центри за развој на планските региони.

## ОПШТИНИ:

Од мониторираните 81 единици на локалната самоуправа како иматели на информации, според методологијата за мониторирање, 27 иматели се со високо ниво на транспарентност, 35 иматели се со средно ниво на транспарентност, а 19 се со ниско ниво на транспарентност. Забележително е оваа година дека ниту еден имател не е во категоријата со многу ниско ниво на транспарентност, а зголемен е бројот на иматели со високо и средно ниво на транспарентност, што покажува дека imателите се трудат и даваат придонес за имплементирање на проактивната транспарентност во својата работа. Мониторираните иматели имаат средна вредност на проактивната транспарентност, односно 64,4%, со тенденција за висока транспарентност на имателите, доколку продолжи овој тренд на објавување на информациите на своите веб страници. Сепак, ова не значи дека Единиците на локална самоуправа треба да бидат задоволни со својата транспарентност од причини што веб страните на најголемиот број на општини не се едноставни за добивање на одредена информација која е од интерес на граѓаните/барателите на информации од јавен карактер.




Според резултатите од мониторингот, најтранспарентни се Општините Валандово и Демир Хисар со 64 бода, а по нив следат четирите општини: Пробиштип, Крива Паланка, Берово и Битола, со 60 бодови. 58, 57.5 и 57 бодови.

Сакаме да напоменеме дека веб страницата на Општина Кисела Вода поради техничка миграција на податоците, во периодот на мониторирање на страниците ги доби бодовите според информациите што во моментот беа поместени на веб страницата. Очекуваме дека со завршување на миграцискиот процес општинскиот веб портал уште повеќе ќе ја подобри својата активна транспарентност кон граѓаните/барателите на информации од јавен карактер. Како и минатите години, повторно општините Валандово и Демир Хисар покажуваат најголема транспарентност на своите веб страници со 100%, активна транспарентност на објавените информации согласно членот 10 од Законот за СПИЈК. Голем скок од девет места бележи општина Пробиштип, како и општина Крива Паланка со скок од три места. Треба да потенцираме дека општините Валандово и Демир Хисар на лесен и пристапен начин достапен до барателите ја практикуваат проактивната транспарентност и отчетноста во својата работа пред граѓаните.




Споредбената анализа на мониторингот покажува дека 11 општини ја подобриле својата транспарентност и преминале во високо ниво на транспарентност, 12 општини покажале средно ниво на транспарентност, а 5 општини со ниско ниво на транспарентност. Најголем успех на општинските веб страни е што ниту една нема многу ниско ниво на транспарентност.

Генерално, 13.58% ја подобриле својата транспарентност во висока, 14.81% ја подобриле кај средното ниво и 6.17% ја подобриле кај ниското ниво на активна транспарентност.

Двете општини кои беа со многу ниско ниво на транспарентност, Арачиново и Зелениково, оваа година бележат огромен скок во својата транспарентност, односно за 24 или 31 место и преминуваат во општини со средно ниво на транспарентност. Најголем скок на нивото на транспарентност се забележува кај општина Демир Капија и тоа пораст за 49 места, Новаци-пораст од 37 места, Бутел-пораст од 30 места, Кичево-пораст од 27 места, Карбинци-пораст од 21 место, Виница-пораст од 20 места и Ѓорче Петров-пораст од 19 места.

Најголем пад на нивото на транспарентност има кај Општина Могила-29 места, Град Скопје- 25 места, Чешиново-Облешево-23 места, Аеродром-22 места, Боговиње-20 места, Петровец- 18 места, Карпош-16 места и Охрид 15 места.

Гледано од регионална перспектива, на водечкото место останува Источниот регион со 74,40% активна транспарентност имајќи предвид дека во овој регион се наоѓаат општината Пробиштип, со најголем скок во својата транспарентност, како и општините Берово и Делчево, со најдобри резултати во исполнување на своите обврски кон граѓаните, а на

последното место меѓу регионите е Полошкиот со 54,80% активна транспарентност. Регионалната проактивната транспарентност е 64.60%.

| | **Источен регион** | ***74,40%*** |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| **1** | **Пробиштип** | ***94%*** |
| **2** | **Берово** | ***90%*** |
| **3** | **Делчево** | ***88%*** |
| **4** | **Кочани** | ***88%*** |
| **5** | **Зрновци** | ***81%*** |
| **6** | **Штип** | ***75%*** |
| **7** | **Виница** | ***71%*** |
| **8** | **Мак.Каменица** | ***64%*** |
| **9** | **Карбинци** | ***59%*** |
| **10** | **Чешиново-Облешево** | ***55%*** |
| **11** | **Пехчево** | ***53%*** |

| | **Југоисточен регион** | ***72,40%*** |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| **1** | **Валандово** | ***100%*** |
| **2** | **Гевгелија** | ***88%*** |
| **3** | **Василево** | ***84%*** |
| **4** | **Конче** | ***77%*** |
| **5** | **Струмица** | ***70%*** |
| **6** | **Радовиш** | ***69%*** |
| **7** | **Богданци** | ***68%*** |
| **8** | **Босилово** | ***64%*** |
| **9** | **Ново Село** | ***53%*** |
| **10** | **Дојран** | ***51%*** |

| | **Пелагониски регион** | ***66,90%*** |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| **1** | **Демир Хисар** | ***100%*** |
| **2** | **Битола** | ***89%*** |
| **3** | **Новаци** | ***79%*** |
| **4** | **Прилеп** | ***75%*** |
| **5** | **Крушево** | ***67%*** |
| **6** | **Ресен** | ***64%*** |
| **7** | **Кривогаштани** | ***47%*** |
| **8** | **Могила** | ***44%*** |
| **9** | **Долнени** | ***38%*** |

| | Југозападен регион | *65,20%* |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| 1 | **Кичево** | *88%* |
| 2 | **Центар Жупа** | *71%* |
| 3 | **Охрид** | *67%* |
| 4 | **Дебар** | *67%* |
| 5 | **Дебрца** | *66%* |
| 6 | **Мак.Брод** | *62%* |
| 7 | **Вевчани** | *58%* |
| 8 | **Пласница** | *58%* |
| 9 | **Струга** | *50%* |

| | Вардарски регион | *64,10%* |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| 1 | **Градско** | *86%* |
| 2 | **Велес** | *84%* |
| 3 | **Кавадарци** | *77%* |
| 4 | **Демир Капија** | *74%* |
| 5 | **Свети Николе** | *70%* |
| 6 | **Неготино** | *58%* |
| 7 | **Чашка** | *55%* |
| 8 | **Росоман** | *40%* |
| 9 | **Лозово** | *33%* |

| | Североисточен регион | *60,80%* |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| 1 | **Крива Паланка** | *91%* |
| 2 | **Куманово** | *77%* |
| 3 | **Кратово** | *70%* |
| 4 | **Липково** | *45%* |
| 5 | **Ранковце** | *41%* |
| 6 | **Старо Нагоричане** | *41%* |

| | Скопски регион | *58,20%* |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| 1 | **Бутел** | *84%* |
| 2 | **Илинден** | *84%* |
| 3 | **Центар** | *82%* |
| 4 | **Кисела Вода** | *79%* |
| 5 | **Гази Баба** | *77%* |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Карпош** | *73%* |
| 7 | **Ѓорче Петров** | *66%* |
| 8 | **Аеродром** | *62%* |
| 9 | **Зелениково** | *58%* |
| 10 | **Арачиново** | *53%* |
| 11 | **Петровец** | *51%* |
| 12 | **Чучер Сандево** | *49%* |
| 13 | **Шуто Оризари** | *45%* |
| 14 | **Чаир** | *42%* |
| 15 | **Град Скопје** | *41%* |
| 16 | **Студеничани** | *38%* |
| 17 | **Сопиште** | *33%* |
| 18 | **Сарај** | *32%* |

| | **Полошки регион** | *54,80%* |
|---|---|---|
| **ранг** | **Општина** | |
| 1 | **Маврово и Ростуше** | *83%* |
| 2 | **Брвеница** | *77%* |
| 3 | **Гостивар** | *63%* |
| 4 | **Теарце** | *60%* |
| 5 | **Желино** | *57%* |
| 6 | **Тетово** | *54%* |
| 7 | **Јегуновце** | *45%* |
| 8 | **Боговиње** | *29%* |
| 9 | **Врапчиште** | *26%* |



Врз основа на мониторираните веб страници согласно методологијата и Прашалникот добиени се следниве резултати и показатели за проактивната транспарентност на имателите:

- Во првата група на прашања Пристап до информации, имателите ги објавуваат информациите кои што се од главен интерес за граѓаните и тоа:




Забележливо е дека 55 % од имателите на своите почетни страници имаат поставено банер или линк ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, што е добар показател дека на тој начин им го олеснуваат пристапот до информациите на граѓаните. Сепак, имателите ќе треба многу да ја подобрат својата транспарентност на тој начин што ќе ги објавуваат анонимизирано барањата и одговорите на добиените барања за слободен пристап до информации кои ги добиле и по кои постапиле во законскиот рок, бидејќи само 20% од имателите ги објавуваат овие информации. Исто така, само 30% од општините ги објавуваат податоците за лицето задолжено за внатрешно пријавување, а мал број или 40% од имателите на своите веб страници го објавуваат Годишниот извештај за имплементација на Законот за СПИЈК, кој е и законска обврска за службените лица согласно член 36 од Законот. Во продолжение добиените резултати од мониторираните веб страници:

| **I група Пристап до информации** | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|
| **1**. Дали на почетната страна ја имате објавено листата на информации? | 55 | 24 | 2 |
| **2**. Дали на веб страната ги имате објавено анонимизирано барањата/одговорите за слободен пристап до информациите од јавен карактер? | | | |
| 2021 | 16 | 64 | 1 |
| 2022 | 20 | 60 | 1 |
| 2023 | 17 | 63 | 1 |
| **3**. Податоци од вашите надлежности? | 48 | 32 | 1 |
| **4**. Основните податоци за контакт со имателот на информација и тоа: | | | |
| 4.1. назив | 80 | 1 | 0 |
| 4.2 адреса | 78 | 3 | 0 |
| 4.3 телефонски број | 79 | 2 | 0 |
| 4.4 е-маил адреса | 80 | 1 | 0 |
| 4.5 адресата на интернет страната | 80 | 1 | 0 |
| **5**. Податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата | | | |
| 5.1 биографија | 75 | 5 | 1 |
| 5.2 податоци за контакт | 41 | 19 | 21 |
| **6**. Осн.податоци за контакт со службено лице за посредување со информации и тоа | | | |
| 6.1 име и презиме | 68 | 13 | 0 |
| 6.2 е-маил адреса | 70 | 11 | 0 |
| 6.3 телефонски број | 66 | 15 | 0 |
| **7**. Основни податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа | | | |
| 7.1 име и презиме | 30 | 51 | 0 |
| 7.2 е-маил адреса | 30 | 51 | 0 |
| 7.3 телефонски број | 30 | 51 | 0 |
| **8.** Список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција | | | |
| 8.1 службен е-маил | 54 | 20 | 7 |
| 8.2 службен телефон | 57 | 20 | 4 |
| **9**. Појаснување на начинот на поднесување на барањето за пристап до инф.(начин на поднесување на усно, писмено барање и по електронски пат)? | 43 | 31 | 7 |
| **10**. Поставен образец за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер | 67 | 14 | 0 |
| **11**. Од која година го имате поставено годишниот извештај за пристап до инф. од јавен карактер | | | |
| **2022** | 41 | 40 | 0 |
| **2023** | 42 | 39 | 0 |

- Во втората група на прашања Организациона поставеност, имателите ги објавуваат информациите кои што се од надлежност на општините и тоа:




Од имателите 40% го објавуваат законот од својата надлежност, со што ги информирааат граѓаните за својата основна работа. Имателите на своите веб страници помалку од 30% ги публикуваат податоците за внатрешна организација и 40% за податоците од внатрешна систематизација. Имено, само половина од имателите т.е. 50% ,од информациите објавуваат податоци за својата работа во врска со службените гласници, дневните редови, како и одлуките на Советот на општината. Агенцијата апелира до општините да ги објавуваат овие информации се со цел поголема информираност на граѓаните за основните и најбитни информации кои што ги носат општините за својата работа. Во продолжение добиените резултати од мониторираните веб страници:

| **II група Организациона поставеност** | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|
| **12**. Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации | 45 | 29 | 7 |
| **13**. Прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: | | | |
| 13.1 правилник за внатрешна организација | 30 | 51 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13.2 | правилник за систематизација на работните места | 43 | 38 | 0 |
| 13.3 | правилник за заштитено пријавување | 23 | 57 | 1 |
| 13.4 | наредби | 2 | 79 | 0 |
| 13.5 | упатства | 28 | 53 | 0 |
| **14**. Органограм за внатрешна организација | | 66 | 15 | 0 |
| **15**. Дали се објавува статутот на општината | | 68 | 13 | 0 |
| **16**. Дали се објавуваат службените гласила на општината? | | 61 | 10 | 10 |
| **17**. Дали се објавуваат дневните редови за седниците на советот на општината? | | 44 | 33 | 4 |
| **18**. Дали се објавуваат одлуките на советот на општината? | | 57 | 19 | 5 |

- Во третата група на прашања Оперативна, имателите ги објавуваат информациите кои што се најрелевантни за работата на општините и најважни за граѓаните:




Стратегиите и стратешките планови имателите ги објавуваат 45% на своите веб страници, а годишни планови и програми објавуваат околу 35% од имателите. Имателите на своите веб страни ги поставуваат предлог на документи (предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии), а во оваа група на документи (информации) имателите во просек од 50% ги објавуваат и актите и мерките кои произлегуваат од надлежноста, видовите услуги кои ги даваат имателите на информации, тарифниците за надоместоци за издавање на реални акти, информациите за

урбанистичкото планирање, одобренијата за градба, како и информациите за локален економски развој.

| **III група Оперативна** | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|
| **19**. Стратешки планови за работа на имателите на информации | 46 | 30 | 5 |
| **20**. Стратегии за работа на имателите на информации | 50 | 29 | 2 |
| **21**. Годишни планови и програми за работа | | | |
| **2022** | 39 | 42 | 0 |
| **2023** | 38 | 43 | 0 |
| **2024** | 44 | 37 | 0 |
| **22**. Дали се поставени на веб страната предлог на документи ( предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии) | 56 | 18 | 7 |
| **23**. Дали се објавени извештаите за работа кои ги поднесувате до надзорните органи | 37 | 41 | 3 |
| **24**. Објавувате ли статистички податоци со кои се влијае на животот и здравјето на граѓаните | 74 | 4 | 3 |
| **25**. Објавени акти и мерки и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации | 55 | 19 | 7 |
| **26**. Дали се објавени видовите услуги кои ги даваат имателите на информации | 73 | 4 | 4 |
| **27**. Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти | 42 | 35 | 4 |
| **28**. Дали се објавуваат ДУП/ГУП (информации за урбанистичкото планирање)? | 63 | 13 | 5 |
| **29**. Дали се објавуваат информации за урбанистичко планирање( одобренија за градба)? | 48 | 26 | 7 |
| **30**. Дали се објавуваат информации за локален економски развој? | 63 | 12 | 6 |
| **31**. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности? | 53 | 22 | 6 |

- Во четвртата група на прашања Буџет, финансиско работење и јавни набавки, имателите ги објавуваат информациите кои што се однесуваат на буџетската и финансиската транспарентност на имателите:




Во оваа група на прашања, имателите покажуваат најголема транспарентност, односно ги објавуваат буџетите и завршните сметки (преку 70%), а во делот на кварталните финансиски извештаи своите информации ги објавуваат 60% од имателите, што е добра активна транспарентност. Исто така, имателите ги објавуваат во голем процент (над 50%) информациите кои се однесуваат на јавните набавки, односно информации за годишните планови за јавни набавки, објавените огласи и склучените договори.

| **IV Буџет, финансиско работење и јавни набавки** | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|
| **32**. Годишен буџет за последните три години | | | |
| **2022** | 74 | 7 | 0 |
| **2023** | 75 | 5 | 1 |
| **2024** | 69 | 11 | 1 |
| **33**.Завршна сметка за последните три години | | | |
| **2021** | 66 | 15 | 0 |
| **2022** | 70 | 11 | 0 |
| **2023** | 63 | 18 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **34.** Квартални финансиски извештаи за тековната година | 52 | 28 | 1 |
| **35.** Дали е извршена ревизија на вашата институција ? | 38 | 43 | 0 |
| 35.1 Дали е објавен ревизорскиот извештај ? | 36 | 45 | 0 |
| **36.** Дали е објавен годишниот план на јавни набавки? | 48 | 20 | 13 |
| **37.** Дали се објавуваат огласите за јавни набавки? | 55 | 25 | 1 |
| **38.** Дали се објавува известувањето за склучен договор? | 54 | 25 | 2 |
| **39.** Имате ли склучен договор за јавно- приватно партнерство? | 4 | 76 | 1 |
| **40.** Дали договорот за јавно-приватно партнерство е објавен на веб страната? | 4 | 76 | 1 |
| **41.** Прашалник за самоеваулација | 38 | 43 | 0 |

| **IV Буџет, финансиско работење и јавни набавки** | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|
